РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 04 - 1452/10
14.10.20.22 год.
Василево

Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Закон за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016 и 11/2018 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Василево донесе:

## ОДЛУКА

### За избор за унапредување на административни службеници по интерен оглас

1. По интерниот оглас број 04/2022 година за унапредување на административен службеник во Општина Василево објавен на 04.10.2022 година на веб страната на Општина Василево и Агенцијата за администрација, за работно место УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за финансиска контрола и финансиско управување, Одделение за финансиски прашања - 1 извршител, од предложената ранг листа се избира следниот кандидат:

- **Боби Величковски**

2. Градоначалникот на Општина Василево во рок од пет дена по конечноста на Одлуката ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

### Образложение

На веб страната на Општина Василево и на Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Општина Василево, во кој беше објавено работно место УПР 01 01 В02 000 Виш соработник за финансиска контрола и финансиско управување, Одделение за финансиски прашања - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр.04-1452/7 од 10.10.2022 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви Записник заведен под бр. 04-1452/8 од 12.10.2022 година.

На ден 12.10.2022 година Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник спроведе интервју и состави Записник бр. 04-1452/9 од 12.10.2022 година и Финална ранг листа со интервјуираните кандидати со Предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно член 52 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016 и 11/2018 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/20, 215/21 и 99/22), Секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар, во рок од пет дена по конечноста на одлуката, донесува решение за унапредување на административниот службеник."

Имајќи го во предвид наведеното, Градоначалникот на Општина Василево одлучи како во диспозитивот на оваа Решение.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Општина Василево
Градоначалник
Славе Андонов